# З А П И С Н И К

**Од 14-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на 30.09.2022 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите 15 членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Седницата се снимаше од општинската служба и од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 14-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог – Одлука за донесување на урбанистички план за село Калково, Општина Валандово;

2. Годишен извештај за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2021/2022 година;

3. Годишна Програма за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година;

4. Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2021/2022 година;

5. Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2022/2023 година;

6. Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2022/2023 година;

7. Предлог – Одлука за донесување на план за парцелација за ГПбр.9.08 КО Јосифово од УП за село Јосифово и формирање на нови градежни парцели;

8. Предлог – Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во Општина Валандово;

9. Предлог – Програма за измена на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Валандово за 2022 година;

10. Предлог – Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Валандово за реализација на проектот„Изградба на водоводен систем во село Калково – резервоар, фаза I";

11. Предлог – Одлука за изменување на Одлуката за одобрување наеднократна парична помош на лицата со попреченост на подрачјето на Општина Валандово;

12. Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово;

13. Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Клуб за мал фудбал „Проект“ с.Јосифово, Валандово;

14. Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалскиот клуб „Младост МФКУ“ Удово;

15. Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Женски фудбалскиот клуб „ЖФК Победа 16”Валандово;

16. Предлог – Одлука за одобрување средства за реализирање на активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово;

17.Предлог Програма за изведување на екскурзии и слободни активности во СОУ ,,Страшо Пинџур,, Јосифово .

18. Предлог Одлука за давање на согласност на ЈОУДГ,,Калинка ,, Валандово за организирање на работата со помал односно поголем број на деца од законски утврдениот број

19. Предлог Одлука за одобрување на средства за промената на водоводна мрежа на улицата Моша Пијаде во Јосифово

Беше отворена расправа по дневниот ред.
Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и едногласно со 15 гласа ЗА беше изгласан.

Пред да се пристапи кон работа по дневниот ред беше отворена расправа по записникот од 13- тата редовна седница на Советот
Никој не се јави за збор па истиот беше ставен на гласање изгласан едногласно со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 1

По Предлог Одлуката за донесување на урбанистички план за село Калково, Општина Валандово излагање имаше градоначалникот Перо Костадинов. Рече дека оваа е важна одлука за Општината а посебно за граѓаните на село Калково бидејќи за првпат во населено место со турско население се носи Урбанистички план, а наскоро ќе се донесат и во другите населени места и со тоа се створаат услови за еднаков развој на овие населени места со другите населени места со македонско население. Опфатот на УП е 30 хектари со сите пропратни елементи. За населеното место Калково на оваа седница има и Одлука за одобрување на средства за изградба на водоводна мрежа, а после тоа ќе добие и асфалтирање на улиците. Во Марвинци исто

така ќе има асфалтирање на улици. Во моментот се работи на улицата Моша Пијаде,ќе следат улица во Горна Маала, улица во Балинци, во Удово . Додаде дека во едно од најтешките времиња се продолжува со решавање на инфраструктурните проблеми на граѓаните на Општина Валандово. И рече дека би бил задоволен ако оваа Одлука ја поддржат сите советници на Советот на Општина Валандово.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог Одлуката за донесување на урбанистички план за село Калково, Општина Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 2

По Годишниот Извештај за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2021/2022 година детално образложение даде ВД директорката на СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово Ташка Гетова.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА и 1 советник како вработен во училиштето се иззема од гласање.

ТОЧКА 3

По Годишна Програма за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година повторно образложение имаше ВД директорката на СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово Ташка Гетова.

По отворената расправа, но никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 ИЗЗЕМЕН

ТОЧКА 4

По Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2021/2022 година детално образложение даде директорката Марија Тодорова Занова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Годишната Програма за работа на ЈОУДГ "Калинка " Валандово за учебната 2022/2023 година повторно образложение имаше директорката Марија Тодорова Занова..

По отворената расправа, никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 6

По Предлог – Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2022/2023 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и беше изгласана со 14 гласа ЗА и 1 изземен.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлука за донесување на план за парцелација за ГПбр.9.08 КО Јосифово од УП за село Јосифово и формирање на нови

градежни парцели образложение беше дадено од вработениот во одделението за урбанизам на општинската администрација Ѓоко Аврамски.

По отворената расправа немаше пријавено за дискусија па Предлог – Одлуката за донесување на план за парцелација за ГПбр.9.08 КО Јосифово од УП за село Јосифово и формирање на нови градежни парцели беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 воздржан.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во Општина Валандово образложение беше дадено од вработената во одделението за урбанизам на општинската администрација Анита Трајкова.

Беше отворена расправа немаше пријавено за дискусија па Предлог– Одлуката за донесување на план за парцелација за ГПбр.9.08 КО Јосифово од УП за село Јосифово и формирање на нови градежни парцели беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 воздржан.

ТОЧКА 9

По Предлог – Програма за измена на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Валандово за 2022 година повторно образложение беше дадено од Анита Трајкова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров.Рече дека со оваа одлука се зголемуваат трошоците на граѓаните за комунално уредување на градежните парцели и смета дека ова не е најпогоден момент во услови на криза да се зголемуваат трошоците за градење од аспект на тоа дека и нememe некоја атрактивност за градење во општината и така нема да се приберат средства. Рече и да го зголемиме надоместокот и 100% нема ништо да постигнеме.

Градоначалникот зема збор и рече дека секоја година се носат овие програми и сите општини имаат криза и ги зголемуваат овие ставки.Општина Валандово има најниски ставки за комунални услуги, а и сега тие повторно ќе бидат најниски, а приходите кои се собираат не се незначителни.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог – Одлуката за измена на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Валандово за 2022 година беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Валандово за реализација на проектот„Изградба на водоводен систем во село Калково – резервоар, фаза I”во износ од 600 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлука за изменување на Одлуката за одобрување наеднократна парична помош на лицата со попреченост на подрачјето на Општина Валандово немаше пријавено за дискусија и па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово во износ од 60 000 денари беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Праша по кои критериуми се одобруват износите за исплаќање на спортските здруженијата за ова и за здруженијата наведени во наредните 4 точки од дневниот ред.

Градоначалникот зема збор. Рече дека се работи за финансирање на активности кои здруженијата самите си ги планираат и во зависност од рангот во кој се натпреваруваат. ЖФК Победа Валандово сега се одобруваат 30 000 денари, но има и претходно добиено двапати по толку, значи вкупно 90 000 денари.

Јулија Тушевска повторно се јави и праша дали се запазени критериумитекако ранг на натпреварување, опфат на лица и тоа каде патуваат.

Градоначалникот одговори дека самите здруженија ги доставуваат своите програми кои општината ги буџетира, за потоа полесно да ги исплати, а тие за тоа поднесуваат извештај. Додаде и тоа дека општината ги помага сите , но не може да ги финансира во целост.

Немаше пријавено за дискусија и па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Клуб за мал фудбал „Проект“ с.Јосифово, Валандово во износ од 120 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалскиот клуб „Младост МФКУ“ Удово во износ од 30 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧЌА 15

По Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Женски фудбалскиот клуб „ЖФК Победа 16”Валандово во износ од 30000 денари немаше немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 16

По Предлог – Одлука за одобрување средства за реализирање на активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово во

износ од 20 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 17

По Предлог Програмата за изведување на екскурзии и слободни активности во СОУ ,,Страшо Пинџур,, Јосифово немаше пријавено за дискусија, беше дадено позитивно мислење со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 18

По Предлог Одлуката за давање на согласност на ЈОУДГ,,Калинка ,, Валандово за организирање на работата со помал односно поголем број на деца од законски утврдениот број образложение даде Марија Тодорова Занова.

Беше отворена расправа. Немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 19

По Предлог Одлуката за одобрување на средста за променат на водоводна мрежа на улицата Моша Пијаде во Јосифово образложение даде градоначалникот Перо Костадинов. Рече дека се работи за водоводна мрежа од1972 година и истата претставува опасност за новата инфраструктура што се прави на улицата и затоа е момент да се промени за да не се копа друг пат.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и беше отворен затворен делот за

## СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

Анита Коцева - упати прашање до ЈП Комунален сервис

Во Јосифово на улицата Јосиф Јосифовски подолго време истекува голем дел вода за пиење. Покрај тоа што троши вода и струја, граѓаните во селото немаат притисок. Проблемот го знаат сите , може да се констатираат штетите во ЈП Комунален сервис, а во зимскиот период кога таа вода ќе замрзне може да предизвика и штета.

Градоначалникот одговори дека е запознаен со проблемот и тој ќе се решава во наредниот период. Притоа и забележа на советничката Анита Коцева дека наместо да чека седница на Совет можела порано да го пријави проблемот директно во Општината или ЈП Комунален сервис.

Анита Коцева појасни дека таа мислела дека тече водата за наводнување, но денес дознала дека тече водата за пиење, а тече веќе цела година.

Градоначаликот рече дека во тек е јавна набавка за асфалтирање на улици и кога ќе заврши ќе се санираат сите овие дефекти.

Јулија Тушевска

1. Во Програмата на градоначалникот имаше предвидено модернизација на ЈП Комунален сервис, дали модернизација значи да не земаат вработените два месеци плата и во последните 40- тина дена 10 луѓе да си заминат доброволно?

2.До каде е со реализацијата на пешачката патека Валандово Пирава?

3. 3. До каде е со изградбата на градскот базен и каде ќе биде лоциран?

Градоначалник

1.За последниот месец септември никој уште нема земено плата, а сите ЈП во државата се соочуваат со проблеми поради недостиг на средства што произлезе од покачувањето на минималната плата и електричната енергија. Се реагира преку ЗЕЛС и Владата и најверојатно ќе се оди со помош кон сите ЈП , но и Општината и Советот стојат на располагање да му помогната на ЈП Комунален сервис да застане на нозе. Во наредниот период ни претстои сериозна криза и општината не може да остане имуна и ќе го почувствува тоа.Само за пример спомна дека од 200 000 денари се плаќаше месечно за улично осветлување во минатата година, сега износот е 1 500 000 денари

2.Поради енергетската криза во која се наоѓаме и која ни претстои во наредниот период многу од планираните активности ќе бидат одложени и ќе има редефинирање на трошоци. Рече дека сите сакаме да се гради повеќе, но мора да се кратат некои трошоци , бидејќи приоритет е нормалното функционирање на Општината и општинската администрација.

3.Градски базен дека ќе биде изграден кај комплексот Победа Валандово и многу брзо ќе биде објавено како ќе се одвиваат активностите околу неговата реализација.

Јулија Тушевска се јави повторно. Рече дека не се работи за собирање на политички поени. Ова е момент каде се засегнати повеќе фамилии на кои вработените не земаат плата, се работи за човечки судбини. Во ова време тешко се опстанува со плата, а без неа уште потешко.Дали сметате дека ЈП ќе застане на нозе, дали ќе може ЈП да им исплаќа плати, не смееме да си играме со човечки судбини.

Градоначалникот даде одговор дека никој овде не си игра со човечките судбини. Општина Валандово доколку е потребно може месечно да одвои 250 000 денари месечно или 300 000 вклучувајќи ја и неговата плата, а ако сакаат и советниците да бидат солидарни и да се откажат од своите надоместоци и така ќе покажат дека не се работи за политикантство. Општината и Советот се основачи на ЈП и треба да се грижат за него. Кога ќе се вклучи алармот ќе се изврши трансфер кон ЈП, а работниците нема да почувствуваат никаков терет.

Ивана Готиќ

До каде е со изградбата на пешачката патека  во с. Марвинци и дали се планира нешто да се асфалтира или рехабилитира  во с. Грчиште?

Градоначалникот одговори дека во план е, но не се знае како ќе се помине сезоната со електичната енергија, а сепак тоа е најбитно, а дополнително ќе се гради во Марвинци и Грчиште бидејќи сите граѓани заслужуваат да се инвестира насекаде и подеднакво.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина   Валандово
Претседател
Владимир Марков